РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр. 1086/2021
16.11 2021 година
ШТИП

Врз основа на чл.42, чл.43 и чл. 49 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 62/06, 35/08, бр.150/10, 83/2018, 198/18 и 96/19), како и член 46 од Законот за судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18), а в.в. со Одлуката на Судскиот совет за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ од 09.12.2015 год. Апелациониот суд во Штип на ден 16.11.2021 година објавува:

# О Г Л А С

за избор на 40 судии – поротници во Апелационен суд Штип

Апелационен суд Штип на Судскиот Совет на РСМ ќе му предложи 40 кандидати за избор на судии- поротници за време од 4 години.

**I.** Кандидатите за судии поротници треба да ги исполнуваат следните услови од чл.42 став 2 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 8/06, 62/06, 35/08, 150/10 83/18, 198/19 и 96/19) и тоа:

-да е полнолетен државјанин на Република Северна Македонија
-да има завршено најмалку средно образование
-активно да го владее македонскиот јазик
-да не е постар од 60 години.
-да ужива углед за вршење на функцијата судија – поротник

**II.** За судија - поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судија поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое со член на Судски совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

**III.** Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да ги достават потребните документи во оригинал или заверени кај нотар

- уверение за државјанство,
- извод од матичната книга на родените
- уверение за завршено најмалку средно образование

Рокот за пријавување на кандидатите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот. Пријавата со потребните документи се поднесуваат по пошта на адреса Апелационен суд Штип ул. „Генерал Михаило Апостолски" бр 16 Штип или лично во Канцеларија на Судскиот администратор со назнака „ оглас за судии-поротници".

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**IV.** По изборот, судиите - поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители,за што Академијата им издава потврда за завршена обука.

Апелационен суд Штип,
Претседател,
Корнелија Давчева